ДА СЕ МИСЛИ СО МАТЕРИЈАТА: ЧЕТИРИ ЛЕКЦИИ ОД ВОДАТА И ЗЕМЈАТА

THINKING WITH THE MATTER: FOUR LESSONS FROM THE WATER AND THE EARTH

ДА СЕ МИСЛИ СО МАТЕРИЈАТА: ЧЕТИРИ ЛЕКЦИИ ОД ВОДАТА И ЗЕМЈАТА

Уметници:
Валбона Фејза
Христина Крстеска
Викторија Попоска
Ивана Самандова

Кураторка:
Јованка Попова

ДА СЕ МИСЛИ СО МАТЕРИЈАТА: ЧЕТИРИ ЛЕКЦИИ ОД ВОДАТА И ЗЕМЈАТА

Постои една претпоставка врз која се темели западната модерност: дека светот ни припаѓа. Земјата, реките, шумите, минералите, животните и материјалите се ресурси што треба да се организираат, искористат и претворат во вредност. Природата станува економија на суровини, реката се претвора во хидроенергетски потенцијал, планината во рудник, шумата во дрвна маса, почвата во градежна парцела. Зад оваа логика на експлоатација стои подлабока поделба: човекот е субјект што набљудува, именува и управува, а материјалниот свет е нешто што може да биде спознаено, класифицирано и ставено во употреба.

„Да се мисли со материјата“ ја нарушува оваа еднонасочност. Материјата има истории што не започнуваат со човечкото присуство и процеси што не зависат од нашиот поглед. Карпите носат траги од геолошки процеси што се одвивале милиони години пред нас, речните текови ги регистрираат промените во екосистемите, текстилот ги задржува трагите на телата, трудот и техниките преку кои бил создаден и употребуван, отфрлените материјали продолжуваат да се преобразуваат и да влегуваат во нови односи долго

откако нивната употребна вредност за човекот завршила. Во нив се наталожуваат различни времиња, процеси и истории, од кои само дел се човечки. Ваквиот пристап ја доведува во прашање западната модерна поделба меѓу природата и културата, но и позицијата на човекот како централна мерка на светот. Човекот престанува да биде единствената позиција од која светот може да биде спознаен, додека материјата повеќе не се појавува како пасивна заднина на човечкото дејствување, туку како дел од процесите и односите низ кои светот се обликува.

Изложбата *Четири лекции од водата и земјата* ги обединува практиките на четири млади уметнички – Валбона Фејза, Христина Крстеска, Ивана Самандова и Викторија Попоска – чии истражувачки и општествено ангажирани практики ги преиспитуваат односите со материјалите, местата и екосистемите со кои го делиме светот. Нивните интереси тргнуваат од конкретни места, локални истории, знаења и практики, поврзувајќи ги со поширок прашања за екологијата, наследството и начините на кои се однесуваме спрема материјалниот свет. Во фокусот на нивното истражување се односот спрема материјата и природата и сложената мрежа на меѓузависности што нè поврзува со повеќе-од-човечките светови од кои и самите зависиме.

Четирите уметнички практики поврзуваат една епистемолошка и една општествено ангажирана позиција: прашањето како осознаваме и го разбираме светот, со потребата критички да се дејствува во него. Епистемолошката позиција тргнува од сознанието дека знаењето не е врзано исклучиво за човечкиот субјект, односно прави епистемолошко поместување кое е тесно поврзано и со општествената ангажираност на уметничките. Во нивните дела, политичкото не е дополнително значење нанесено врз материјата, туку дел од нејзината историја. Вниманието кон материјата го насочува погледот кон процеси и последици чие значење често се занемарува: бавните промени на екосистемите, исчезнувањето на локалните практики и знаења, екстракцијата на ресурси, загадувањето и последиците од прекумерната потрошувачка. Пресушеното речно корито ја носи историјата на инфраструктурата што ја пренасочила водата; карпата ја носи геолошката историја на пределот, но и трагите на екстракцијата; текстилот ги поврзува материјалот и техниката со невидливиот труд и наследувањето; отпадот продолжува да сведочи за системот на производство и потрошувачка и откако предметот ја изгубил својата првична функција. Уметничкото истражување се развива во непосреден контакт со овие процеси преку теренска работа, разговор, документација, повторување на техники и работа со самиот материјал.

Оттука, четирите „лекции“ означуваат различни начини на приближување кон материјалниот свет и препознавање на знаењата што произлегуваат од и во односот со него.

Да се учи од карпите

Во делата на Христина Крстеска, времето се поместува надвор од размерот на човечкиот живот. Нејзиниот интерес за геологијата започнува токму од неможноста целосно да се замисли времето на карпите, што значи да се допре материја стара педесет или петстотини милиони години, да се обиде да се замисли пределот во кој таа настанала, процесите на таложење, зацврстување, метаморфизам, ерозија и распаѓање низ кои поминала. Во *Сурово дишење – патување низ карпестите пејзажи (Raw Breathing – Traveling through Rockscapes)*, проект иницира од PrivatePrint и објавен како истоимена публикација, оваа неможност не е пречка што треба да се надмине со дополнително знаење, туку почетна точка за истражување на границите на човечката перспектива и начините на кои се обидуваме да го разбереме геолошкото време. Несразмерот меѓу човечкото и геолошкото време ја открива ограниченоста на перспективата од која вообичаено го мериме светот.

Карпите, почвата и водата припаѓаат на она што вообичаено го нарекуваме нежива природа, а јазикот со кој ги опишуваме веќе ја содржи таа поделба. Крстеска се задржува на оваа јазична и концептуална граница меѓу живото и неживото, прашувајќи колку таа навистина може да се одржи кога материјата непрекинато преминува од едното во другото. Границата меѓу телото и карпата се покажува како многу попорозна отколку што дозволуваат категориите со кои сме навикнати да размислуваме. Човечкиот живот зафаќа само краток интервал во процесите на кружење

на материјата, додека минералите, водата и почвата постојано се преобразуваат, циркулираат и влегуваат во составот на телата, организмите и геолошките формации. Минералите што ги сместуваме во доменот на геологијата истовремено се присутни во човечкото тело и се неопходни за неговото функционирање. Оваа материјална непрекинатост го нарушува уверувањето дека човечкото тело е одвоено од светот што го опкружува. Кај Крстеска, геологијата освен за реконструкција на далечното минато, воведува и друга мерка за сегашноста.

Нејзиното истражување се развива низ движење и непосредна средба со карпестите предели на Северна Македонија. Како уметница и алпинистка, Крстеска се движи низ различни геолошки подрачја – од околината на Скопје и Кратовско-злетовскиот регион, преку Овче Поле и Вардарската зона, до Мариово и Дебарскиот регион. Фотографирањето е придружено со разговори со геолози и археолози, со читање на геолошките формации, но и со интерес за приказните и верувањата создадени околу нив. Научното објаснување не ја заменува локалната приказна, ниту локалната приказна претендира да го замени научното знаење. Тие се различни начини на читање на истиот простор, создадени низ различни системи на знаење и искуство.

Говедаров Камен во Овче Поле и Цоцев Камен се два локалитета преку кои Крстеска ја истражува оваа повеќеслојност. Околу нив низ времето се создавале различни преданија, верувања, ритуали и толкувања, додека геологијата и археологијата им пристапуваат преку нивниот состав, потекло, старост и материјалните траги од човечко присуство. Овие различни читања не мора да се потврдуваат едно со друго за да бидат значајни. Крстеска ги поставува едни покрај други, следејќи како околу една материјална форма се наталожуваат геолошко време, археолошки траги, локални преданија, ритуали и современи научни интерпретации. Локалитетите така стануваат места во кои се среќаваат различни времиња и форми на знаење, без да се сведат на едно единствено толкување.

Во оваа смисла, карпата е повеќе од архив. Архивата обично претпоставува нешто што останало од минатото и чека да биде прочитано, карпата, пак, продолжува да се менува додека ја читаме.

Таа се распаѓа, еродира, впива и пропушта вода, реагира со други минерали, се загрева и лади, се поместува, нејзината историја не е завршена. Геолошкото знаење произлегува од читањето на тие промени, односно од материјалните траги од процеси што се случувале без човечки сведок. Во таа смисла, материјата поставува граници и на она што можеме да го кажеме за неа: не секоја интерпретација е можна, затоа што самата карпа носи материјална историја што ѝ претходи на интерпретацијата.

Но практиката на Крстеска не останува во геолошко време. Во карпестите предели што ги истражува се впишуваат и процеси со сосема поинаква брзина – минирање, ископување, изградба, експлоатација на минерални суровини. Во однос на милионите години потребни за создавање на една геолошка формација, времето во кое таа може да биде разнесена, ископана или претворена во суровина е речиси моментално. Нејзиниот интерес за карпестите пејзажи е истовремено интерес и за геоморфолошките промени предизвикани од човечката активност, за геолошкото време кое престанува да биде апстрактна временска категорија и станува политичко прашање. Карпите не се изолирана материја во пејзажот, да се отстрани карпа или да се отвори рудник е интервенција што може да ги промени водните текови, да ја забрза ерозијата, да ја наруши стабилноста на теренот и да ги преобликува односите од кои зависи целиот предел. Разликата меѓу геолошката трансформација и екстракцијата не е разлика меѓу промена и непроменливост, туку меѓу различни размери, сили и односи.

Оттука произлегуваат и прашањата што се повторуваат во истражувањето на Крстеска, колку земаме, колку ни е доволно, колку долго може да продолжи таквиот однос и конечно, по која цена. Кај Крстеска прашањето не е дали карпите се „живи“, туку што произведува самата поделба на светот на живо и неживо, и што таа поделба ни дозволува да правиме со она што сме го сместиле на страната на неживото. Ако карпата е само инертна материја, нејзиното претворање во ресурс изгледа како техничко прашање, ако, пак, ја гледаме во односот со водата, почвата, телата, времето и другите форми на живот, нејзиното уништување не завршува на

местото на ископот. Прашањето „по која цена?“ не се однесува само на она што го губиме од пејзажот, туку и на врските што ги прекинуваме без секогаш да можеме однапред да ги видиме нивните последици. Во тие односи карпата престанува да биде немата, неподвижна заднина на човечката историја и станува услов во кој таа историја може да се случува.

Да се учи од реката

Кај Ивана Самандова вниманието се поместува од геолошкото време кон процесите што се случуваат во сегашноста и чиишто последици веќе можат да се прочитаат во пејзажот. Нејзиниот интерес не е насочен кон реката како природен мотив, туку кон сложените односи што се создаваат околу неа. Реката е воден тек, но истовремено и живеалиште, извор на вода, место околу кое се развиваат секојдневни и локални практики и предмет на инфраструктурни интервенции и економски интереси. Нејзиното движење поврзува почви, минерали, растенија, животни и човечки населби, а секоја интервенција во нејзиниот тек се пренесува низ поширокиот екосистем.

Проектот *Реки во урнатини: Мапирање на неизвесностите*, реализиран во 2022 година од КСП „Центар–Јадро“, во соработка со еколошката организација „Еко-свест“, произлегува од истражувањето на последиците од изградбата на мали хидроелектрани во Северна Македонија. Во времето на реализација на проектот, на дивите и недопрени реки во земјата веќе биле изградени 98 мали хидроелектрани, а била планирана изградба на уште најмалку 50. Дел од нив се наоѓаат во некои од највредните речни долини и заштитени подрачја, меѓу кои: Баба Планина, Шар Планина, Караџица, Бистра, Даутица и Кожуф.

Малата хидроелектрана на прв поглед може да изгледа како ограничена инфраструктурна интервенција. Но пренасочувањето на водата во цевководи го менува целиот систем на односи што го одржува речниот екосистем. Дел од коритото останува со значително намален проток или пресушува; бариерите ги прекинуваат движењето и миграцијата на рибите и другите водни видови;

изградбата на пристапни патишта ги фрагментира шумските живеалишта; ископите ја забрзуваат ерозијата, а седиментите што се наталожуваат во водотеците дополнително ги менуваат условите за живот. Нејзините последици продолжуваат низ целиот предел.

Самандова му пристапува на овој процес преку теренска работа. Проектот се заснова врз опсежни теренски посети на Маркова Река, Брајанска Река и неколку други погодени локации, преку кои Самандова ги следи и ги прави видливи честопати занемарените еколошки последици од неконтролираната изградба на хидроцентрали. Заедно со претставници на „Еко-свест“ и други учесници во проектот посетува заштитени подрачја каде што веќе се изградени мали хидроелектрани. Пешачењето покрај реките, фотографирањето, снимањето и непосредното набљудување на промените во просторот стануваат дел од методологијата на работа. Фотографијата и видеото регистрираат загрижувачки состојба: пресушени корита, променета геоморфологија, прекинати речни текови, уништена вегетација, инфраструктура внесена во заштитени подрачја. Документацијата ја задржува материјалната трага на процес што инаку лесно може да остане далеку од јавниот поглед. Да се направи нешто видливо во нејзината работа значи да се воспостави врска меѓу она што се случува на терен и системот на одлуки што го овозможил. Малите хидроелектрани во проектот не се изолирани технички објекти. Зад нив стојат законски процедури, економски интереси, политики на енергетски развој и прашања за учеството на јавноста во одлуките што директно го менуваат просторот во кој таа живее. Пејзажот станува материјален запис на политички и економски одлуки, односно она што во административниот документ се појавува како дозвола, концесија или енергетски капацитет, во реката добива друга материјална форма.

Односот меѓу документот и речното корито е важен аспект на практиката на Самандова. Знаењето произлегува и од присуството на терен, од сведоштвата на луѓето што живеат во близина на реката и од промените што можат да се следат во самиот екосистем. Уметничкото истражување не е замена за научното или активистичкото знаење, туку практика што може да ги поврзе различните форми на сведочење и да им даде јавна видливост. Истражувањето на Самандова ја поврзува епистемолошката со

општествено-ангажираната линија на изложбата. Набљудувањето е начин да се воспостави одговорност, да се следи реката значи да се читаат промените што самата ги регистрира, но и да се праша кои одлуки ги произвеле. Во овој контекст, насловот *Мапирање на неизвесностите* ја задржува можноста процесот да не биде конечен, односно содржи и нови услови во кои речниот систем може да ги продолжи сопствените процеси.

Да се учи од текстилот

Во практиката на Валбона Фејза, текстилот е материјал низ кој се пренесуваат семејни истории, локални техники, секојдневни ритуали и форми на труд. Нејзиниот однос спрема текстилот произлегува од непосредното семејно искуство. Фејза се навраќа на набљудувањето на членовите на семејството додека цртаат, изработуваат мебел или шијат облека, на машината за шиење што ја добила од дедо ѝ и на баба ѝ која изработувала сложени цветни мотиви од мониста. Овие искуства подоцна се враќаат во нејзината практика: она што било научено преку гледање, допирање се активира во нови ситуации, а во текстилот се наталожуваат различни видови време. Знаењето се пренесува и се менува од една генерација во друга, неговата способност да се витка, носи, шие, расплетува, поправа и повторно да се составува овозможува во него да останат трагите од претходната употреба, но и можноста за нова. Секој нов гест, тело и контекст внесуваат сопствена трага.

Архитектонското образование суштински го одредува начинот на кој Фејза размислува за материјалот и просторот. Нејзиниот интерес е насочен кон начините на кои просторот се обликува, преобразува и користи, како и кон односите што телата ги воспоставуваат со него. Оттука произлегува и нејзината наклонетост кон инсталацијата, која ѝ овозможува непосредно да работи со просторот, неговите размери, материјалноста и движењето низ него. Просторот станува составен дел од делото и од искуството што тоа го произведува. Границата меѓу архитектонската и уметничката практика кај Фејза останува пропустлива. Остатоци од

архитектонски макети и градежни материјали преминуваат во нејзините инсталации, додека текстилот ја напушта својата вообичаена функција и добива просторни својства. Тој може да стане структура, преграда, засолниште или површина што го насочува движењето на телото. Мекоста, тежината, густината, прозирноста и подвижноста на материјалот учествуваат во начинот на кој просторот се восприема и доживува. Делото се оформува во односот меѓу материјалот, архитектонската ситуација и телото што се движи низ неа.

Нејзиниот процес на работа започнува од нешто што веќе ѝ е блиско, некој материјал, техника, тема или постапка, а таа блискост станува појдовна точка за експеримент. Техниките стекнати во семејното опкружување преминуваат во други размери и контексти: шиењето, ткаењето или работата со мониста го преобразуваат предметот во просторна инсталација, а интимниот и домашен простор во јавен. Инсталацијата *Мајчина земја* првично е создадена во поранешна јавна пералница во Трончон, Шпанија, заеднички простор чиешто секојдневно функционирање некогаш зависело од колективниот труд и од присуството на луѓето што го користеле. Самата архитектура ги задржува трагите на работата, средбите и размената што некогаш се одвивале во неа. Постепената депопулација на регионот, заминувањето на жителите, повлекува и исчезнување на практики и локални знаења што му давале функција и значење на просторот. Фејза ја внесува сопствената материјална меморија во оваа историја. Техниките што ги поврзува со детството се употребени во место со кое таа нема наследена биографска врска. Личната меморија на уметницата и меморијата на просторот се спојуваат во текстилот и трудот вложен во неговото обликување. Поранешната пералница ја задржува физичката трага на заедницата што некогаш ја користела, додека текстилот внесува друго искуство на рачна работа и генерациски пренесено знаење, две различни истории се среќаваат во сегашноста без да предничат една пред друга.

Од оваа поврзаност меѓу материјалот, просторот, меморијата и пренесувањето знаење, произлегува и поширокото разбирање на наследството во практиката на Фејза. Наследството се врзува за

конкретни простори, куќата, градот и архитектурата, но опстојува и преку конкретни практики, повторување на гестови и знаења што се пренесуваат меѓу генерациите. Во *Мајчина земја*, заминувањето на луѓето не значи само намалување на населението, туку и прекинување на практиките, секојдневни ритуали, начини на користење на просторот, форми на труд и заеднички живот и знаења за местото создадени низ долгото живеење во него. Токму затоа грижата за наследството во практиката на Фејза започнува пред институционалната заштита, музејот или архивот, во услови што овозможуваат едно знаење да продолжи да се практикува, а неговото опстојување зависи од можноста да биде пренесено, повторно употребено и преобразено во сегашноста.

Насловот *Мајчина земја* може да се чита и како инверзија на вообичаените хиерархии на знаењето и вредноста. Со ова поместување кон женската линија, во преден план доаѓаат знаењата и формите на труд што историски останувале на маргините на доминантните претстави за културата и наследството. Рачната работа, шиењето, ткаењето и другите текстилни техники упатуваат и на историски недоволно вреднуваниот женски труд, преку кој знаењето се практикувало, одржувало и пренесувало меѓу генерациите.

Да се учи од она што останува по нас

За Викторија Попоска, материјата станува интересна во моментот кога нејзината употребна вредност е веќе доведена во прашање. Економскиот крај на предметот и крајот на материјата временски се разликуваат; исто како и карпата или реката, таа следи времиња што не се совпаѓаат целосно со временските рамки што човекот им ги определува. Материјата продолжува да се распаѓа, преобразува, циркулира и да воспоставува нови односи долго откако предметот ја изгубил вредноста за која бил произведен. Оваа разлика меѓу крајот на употребата и траењето на материјата е важна за практиката на Попоска: границата меѓу корисното и бескорисното, вредното и безвредното, предметот и неговиот остаток е една од појдовните точки во нејзината работа. Нејзината практика се

задржува на материјалите што остануваат зад производството и потрошувачката, на она што било употребено, потрошено, отфрлено или прогласено за непотребно.

Нејзината практика отвора прашање и за економијата на вредноста. Отфрлените материјали носат знаење за системот од кој произлегле. Во нив можат да се читаат навиките на производство, употреба и потрошувачка, но и режимите на вредност што одредуваат кога еден предмет станува бескорисен. Во потрошувачкиот систем предметот најчесто се движи по релативно предвидлива линија: производство, купување, употреба, отфрлање. Отпадот е последната категорија во таа низа, местото каде што предметот треба да престане да биде видлив. Современите капиталистички режими на производство зависат од забрзана циркулација на материјалите: суровината станува производ, производот стока, стоката употребен предмет, а употребениот предмет отпад што треба да ослободи место за следниот. Потрошувачкото општество ја одржува оваа динамика преку постојаното производство на новост и застарување. Отпадот ја прави видлива временската логика на капитализмот: економскиот живот на предметот станува сè пократок, додека неговиот материјален живот може да трае со години, децении или многу подолго.

Практиката на Попоска внесува друг ритам во оваа насока. Таа се задржува кај она што веќе постои и го враќа во процес на употреба, со што ја прекинува логиката на заменливост врз која се потпира потрошувачкото општество и додава нова вредност во она што е веќе прогласено за непотребно. Таа работи и со материјалната биографија на отпадот. Претходната употреба, оштетувањата, наборите и начинот на кој материјалот старее остануваат присутни.

Во *Убавината на минливоста*, проект иницира и првично продуциран од PrivatePrint, овој процес започнува со собирање на отпадни материјали од природата и нивно преобразување во уметничка инсталација. Проектот се развива и во форма на уметничка книга, исто така издадена од PrivatePrint. Меѓу собраните материјали централно место имаат кладилничките билтени. Како остатоци од играта на среќа, тие ја носат краткотрајната надеж за добивка, за да ја изгубат потоа речиси веднаш својата функција и да станат отпад. Нивниот избор го внесува и општествениот контекст во

кој обложувањето станува сè поприсутен дел од секојдневјето, особено меѓу младите. Во услови на економска несигурност, ветувањето за брза добивка ја концентрира надежта за поинаков живот во неизвесен исход. Распространетоста и нормализацијата на обложувањето се особено симптоматични во средина во која недостигаат културни и јавни простори што би понудиле други можности за учество, заедништво и создавање. Попоска го собира токму тој остаток од природата и го враќа во полето на видливото. Кладилничкиот билет оттука не сведочи само за она што го фрламе, туку и за она што како општество го занемаруваме. Материјалниот отпад станува видлив остаток од една поширока економија на негрижа, во која ресурсите, просторите и можностите се распределуваат нерамномерно. Привременоста е суштински дел од оваа постапка. По завршувањето на инсталацијата изработена од отпад, собраните материјали завршуваат на депонија.

Грижата како одговорност

Во македонскиот јазик зборот „грижа“ има двојно значење. Да се грижиш за некого или нешто значи да негуваш, одржуваш, заштитуваш, да преземеш одговорност. Но грижата означува и загриженост, немир пред она што се случува, сознание дека нешто бара внимание и не дозволува да останеме рамнодушни. Овие две значења се блиски: загриженоста се појавува кога препознаваме дека нешто што ни е важно или од што зависиме е загрозено, нарушено или исчезнува, а грижата започнува со одговорот на тоа сознание.

Во четирите уметнички практики на Крстеска, Фејза, Самандова и Попоска, загриженоста не се сведува на чувство, туку станува причина да се истражува, да се оди на терен, да се разговара, документира и да се направат видливи процесите и последиците што лесно остануваат надвор од јавниот поглед. Токму во преминот од загриженост кон дејствување грижата добива политичка димензија. Таа подразбира заземање позиција кон начинот на кој се распределуваат ресурсите, но и кон она што се смета за вредно да биде зачувано, пренесено или направено видливо.

Земјата и водата во насловот на изложбата не се заеднички мотиви на четирите практики, туку основата од која се отвора прашањето за нашите материјални зависности. Карпата, реката, текстилот и хартијата водат кон различни истории, времиња и знаења, но и кон начините на кои човековото дејствување ги преобразува условите од кои самиот зависи. Грижата започнува со загриженоста, но не завршува во неа. Таа станува одговорност кога сознанието за она што се случува го менува и начинот на кој ја разбираме сопствената улога во тие процеси.

Јованка Попова

THINKING WITH
THE MATTER:
FOUR LESSONS FROM
THE WATER AND
THE EARTH

Participating artists:
Valbona Fejza
Hristina Krsteska
Viktorija Poposka
Ivana Samandova

Curated by
Jovanka Popova

THINKING WITH THE MATTER: FOUR LESSONS FROM THE WATER AND THE EARTH

There is an assumption upon which Western modernity is founded: that the world belongs to us. The earth, rivers, forests, minerals, animals, and materials are resources to be organized, exploited, and transformed into value. Nature becomes an economy of raw materials, the river is transformed into hydropower potential, the mountain into a mine, the forest into timber, and the soil into a construction site. Behind this logic of exploitation lies a deeper division: the human is the subject who observes, names, and governs, while the material world is something that can be known, classified, and put to use.

“Thinking with the Matter” disrupts this one-way relationship. Matter has histories that do not begin with human presence and processes that do not depend on our gaze. Rocks carry traces of geological processes that unfolded millions of years before us; river flows register changes in ecosystems; textiles retain traces of the bodies, labour, and techniques through which they were made and used; discarded materials continue to transform and enter into new relations long after their use value for humans has ended. Different times, processes, and histories accumulate within them, only some of which are human. Such an approach calls into question the Western modern division between nature and cul-

ture, as well as the position of the human as the central measure of the world. The human ceases to be the only position from which the world can be known, while matter no longer appears as a passive backdrop to human action, but as part of the processes and relations through which the world takes shape.

The exhibition *Four Lessons from the Water and the Earth* brings together the practices of four young women artists—Valbona Fejza, Hristina Krsteska, Ivana Samandova, and Viktorija Poposka—whose research-based and socially engaged practices reconsider our relationships with the materials, places, and ecosystems with which we share the world. Their interests begin with specific places, local histories, forms of knowledge, and practices, connecting them to broader questions of ecology, heritage, and the ways in which we relate to the material world. At the centre of their research are the relationships to matter and nature, and the complex web of interdependencies that connects us to the more-than-human worlds upon which we ourselves depend.

The four artistic practices connect an epistemological position with a socially engaged one: the question of how we know and understand the world with the need to act critically within it. The epistemological position begins from the recognition that knowledge is not tied exclusively to the human subject, introducing an epistemological shift that is closely connected to the artists' social engagement. In their works, the political is not an additional meaning imposed upon matter, but part of its history. Attention to matter directs the gaze towards processes and consequences whose significance is often overlooked: slow changes in ecosystems, the disappearance of local practices and knowledge, resource extraction, pollution, and the consequences of excessive consumption. A dried-up riverbed carries the history of the infrastructure that redirected the water; a rock carries the geological history of the landscape, but also traces of extraction; the textile connects material and technique with invisible labour and inheritance; waste continues to bear witness to systems of production and consumption even after an object has lost its original function. Artistic research develops in direct contact with these processes through fieldwork, conversation, documentation, the repetition of techniques, and work with the material itself.

Hence, the four "lessons" signify different ways of approaching the material world and recognizing the forms of knowledge that emerge from and through our relationship with it.

Learning from the Rocks

In the works of Hristina Krsteska, time shifts beyond the scale of a human life. Her interest in geology begins precisely with the impossibility of fully imagining the time of rocks: what it means to touch matter that is fifty or five hundred million years old, to try to imagine the landscape in which it was formed, and the processes of sedimentation, solidification, metamorphism, erosion, and decomposition through which it has passed. In *Raw Breathing – Traveling through Rockscapes*, a project initiated by PrivatePrint and published as a book of the same title, this impossibility is not an obstacle to be overcome through additional knowledge, but a point of departure for exploring the limits of human perspective and the ways in which we attempt to understand geological time. The disproportion between human and geological time reveals the limitations of the perspective from which we ordinarily measure the world.

Rocks, soil, and water belong to what we commonly call inanimate nature, and the language we use to describe them already contains this division. Krsteska dwells on this linguistic and conceptual boundary between the living and the non-living, asking how far it can truly be sustained when matter continuously passes from one into the other. The boundary between the body and the rock proves far more porous than the categories through which we are accustomed to thinking would allow. Human life occupies only a brief interval within the cycles of matter, while minerals, water, and soil are continuously transformed, circulate, and become part of bodies, organisms, and geological formations. The minerals we place within the domain of geology are simultaneously present in the human body and essential to its functioning. This material continuity disrupts the belief that the human body is separate from the world that surrounds it. In Krsteska's work, geology serves not only to reconstruct the distant past, but also introduces another measure for the present.

Her research develops through movement and direct encounters with the rocky landscapes of North Macedonia. As an artist and mountaineer, Krsteska moves through different geological regions - from the surroundings of Skopje and the Kratovo-Zletovo region, through Ovče Pole and the Vardar Zone, to Mariovo and the Debar region. Photography is accompanied by conversations with geologists and archaeologists, by readings of geological formations, but also by an interest in the stories and beliefs created around them. Scientific explanation does not replace the local story, nor does the local story claim to replace scientific knowledge. They are different ways of reading the same space, created through different systems of knowledge and experience.

Govedarov Kamen in Ovče Pole and Cocev Kamen are two sites through which Krsteska explores this multilayered quality. Over time, different legends, beliefs, rituals, and interpretations have developed around them, while geology and archaeology approach them through their composition, origin, age, and the material traces of human presence. These different readings do not have to confirm one another in order to be meaningful. Krsteska places them alongside one another, tracing how geological time, archaeological traces, local legends, rituals, and contemporary scientific interpretations accumulate around a single material form. The sites thus become places where different temporalities and forms of knowledge encounter one another without being reduced to a single interpretation.

In this sense, the rock is more than an archive. An archive usually presupposes something that remains from the past and waits to be read; the rock, however, continues to change while we read it. It decomposes, erodes, absorbs and releases water, reacts with other minerals, heats and cools, and shifts; its history is not complete. Geological knowledge emerges from reading these changes, from the material traces of processes that took place without a human witness. In this sense, matter also sets limits on what we can say about it: not every interpretation is possible, because the rock itself carries a material history that precedes interpretation.

Yet Krsteska's practice does not remain within geological time. Processes operating at an entirely different speed are also inscribed into the rocky landscapes she explores - blasting, excavation, construction,

and the exploitation of mineral resources. In relation to the millions of years required for a geological formation to emerge, the time in which it can be blasted apart, excavated, or transformed into raw material is almost instantaneous. Her interest in rocky landscapes is simultaneously an interest in geomorphological changes caused by human activity, in geological time that ceases to be an abstract temporal category and becomes a political question. Rocks are not isolated matter within the landscape: removing rock or opening a mine is an intervention that can alter watercourses, accelerate erosion, disrupt the stability of the terrain, and reshape the relations upon which the entire landscape depends. The difference between geological transformation and extraction is not a difference between change and immutability, but between different scales, forces, and relations.

From this emerge the questions that recur throughout Krsteska's research: how much do we take, how much is enough, how long can such a relationship continue, and, ultimately, at what cost? For Krsteska, the question is not whether rocks are "alive," but what the very division of the world into living and non-living produces, and what this division allows us to do with that which we have placed on the side of the non-living. If the rock is merely inert matter, its transformation into a resource appears to be a technical question; if, however, we see it in relation to water, soil, bodies, time, and other forms of life, its destruction does not end at the site of extraction. The question "at what cost?" refers not only to what we lose from the landscape, but also to the connections we sever without always being able to foresee their consequences. Within these relations, the rock ceases to be the mute, immobile backdrop of human history and becomes a condition within which that history can take place.

Learning from the River

In Ivana Samandova's work, attention shifts from geological time towards processes unfolding in the present, whose consequences can already be read in the landscape. Her interest is not directed towards the river as a natural motif, but towards the complex relations that form

around it. A river is a watercourse, but at the same time a habitat, a source of water, a place around which everyday and local practices develop, and a subject of infrastructural interventions and economic interests. Its movement connects soils, minerals, plants, animals, and human settlements, while every intervention into its flow reverberates throughout the wider ecosystem.

The project *Rivers in Ruins: Mapping Uncertainties*, realized in 2022 by KSP Centar–Jadro in collaboration with the environmental organization Eko-svest, emerged from research into the consequences of the construction of small hydropower plants in North Macedonia. At the time the project was realized, 98 small hydropower plants had already been built on the country's wild and untouched rivers, while the construction of at least another 50 was planned. Some of them are located in some of the most valuable river valleys and protected areas, including Baba Mountain, Šar Mountain, Karadžica, Bistra, Dautica, and Kožuf.

At first glance, a small hydropower plant may appear to be a limited infrastructural intervention. Yet redirecting water into pipelines alters the entire system of relations that sustains the river ecosystem. Parts of the riverbed are left with significantly reduced flow or dry up; barriers interrupt the movement and migration of fish and other aquatic species; the construction of access roads fragments forest habitats; excavation accelerates erosion, while sediments accumulating in watercourses further alter living conditions. Its consequences extend throughout the entire landscape.

Samandova approaches this process through fieldwork. The project is based on extensive field visits to the Markova River, the Brajanska River, and several other affected locations, through which Samandova traces and makes visible the often overlooked ecological consequences of the uncontrolled construction of hydropower plants. Together with representatives of Eko-svest and other participants in the project, she visits protected areas where small hydropower plants have already been built. Walking along the rivers, photographing, filming, and directly observing changes in the environment become part of the methodology of the work. Photography and video register an alarming condition: dried-up riverbeds, altered geomorphology, interrupted river flows, destroyed vegetation, and infrastructure introduced into protected areas.

The documentation preserves the material trace of a process that might otherwise easily remain far from public view.

To make something visible in her work means establishing a connection between what is happening in the field and the system of decisions that made it possible. In the project, small hydropower plants are not isolated technical structures; behind them stand legal procedures, economic interests, energy-development policies, and questions concerning public participation in decisions that directly alter the space in which people live. The landscape becomes a material record of political and economic decisions: what appears in an administrative document as a permit, concession, or energy capacity assumes another material form in the river.

The relationship between the document and the riverbed is an important aspect of Samandova's practice. Knowledge also emerges from presence in the field, from the testimonies of people living near the river, and from changes that can be traced within the ecosystem itself. Artistic research is not a substitute for scientific or activist knowledge, but a practice capable of connecting different forms of testimony and giving them public visibility. Samandova's research connects the epistemological and socially engaged strands of the exhibition. Observation becomes a way of establishing responsibility: to follow the river means to read the changes that the river itself registers, but also to ask which decisions produced them. In this context, the title *Mapping Uncertainties* contains and preserves the possibility that the process is not final, allowing for new conditions in which the river system can continue its own processes.

